УДК 327.84

Крсте РИСТЕСКИ

# РАЗУЗНАВАЧКАТА ДЕЈНОСТ КАКО ИЗВОР НА ЗАГРОЗУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. Краток осврт на развојот на разузнавачката дејност

Како специфична функција на државата, разузнавачката дејност настанала на определен степен од општествениот развој, во време на појавата на државата, како основна форма на организирање на класното општество. Отпорот на потчинетата класа спрема експлоататорот содржел и елементи на тајност и конспиративни методи што резултирало со специфична дејност и создавање на посебен апарат за нивно откривање.

Мошне важна улога во создавањето на разузнавачката дејност одиграле и војните, кои не можеле успешно да се водат без познавањето на противникот, неговата организациона структура, опременоста, намерите и сл. Во почетокот тоа го правеле шпиони или пак податоците се присобирале со извидување.

Со развојот на трговијата и на меѓународните односи за разузнавачка дејност сè повеќе се користат трговците и дипломатијата. Така на пример, пратениците на робовладетелските држави што владарите ги испраќале како лични претставници обавувале и разузнавачка дејност (во времето на Јустинијан, кога Византија била војнички послаба од Варварите, за поуспешно да им се спротивстави ги користи трговците и дипломатијата кои присобирале податоци за воената сила, за трговските состојби, за внатрешните односи, за влијателните личности и за можноста за нивно подмитување). Ваквата пракса продолжува и кај Монголите, особено Џингискан (1167—1227) кога со создавањето на централистичките држави во времето на апсолутистичките монархии, разузнавачката дејност од повремена прераснува во постојана систематска дејност на државните органи. Во таа смисла во 16. а особено во 17. век Венеција отишла најдалеку во создавањето модерна разузнавачка дејност. Нејзините дипломатски претставници и голем број тајни агенти (калуѓери, лекари и др.) работеле и на разузнавачки план во повеќе земји.

Првата светска војна покажа дека разузнавачката дејност има значајна улога, не само во подготвувањето, туку и во водењето на

војната. Стагнацијата на фронтовите ја наметна потребата од широко и интензивно развивање на разузнавачката дејност, особено на воената, како би се добиле потребни податоци за намерите на противникот, за неговите потенцијали и слаби страни и позиции во неговиот распоред. Особено се развила и организационо зајакнала агентурната служба, на што особено му конвенирало и појавата на новото средство — радиостаницата.

Помеѓу Првата и Втората светска војна на разузнавачката дејност ѝ се посветува поголемо внимание во смисла на присобирање и обработка на податоци за економскиот потенцијал и за општествено-политичката состојба на можниот противник. Со усовршувањето на постојните и со појавата на новите електронски средства е овозможено и создавање нови гранки на разузнавачката дејност (електронска војна). Во Втората светска војна, со појавата на нови средства, забележително се развиле старите и се појавиле нови специјализирани институции и дејности во рамките на разузнавачката дејност.

Денес, кога меѓународните односи се мошне комплицирани и обилуваат со повеќе противречности, но истовремено и со повеќе меѓусебни врски, обемот и содржината на податоците кои се неопходни на државното и политичко раководство за создавање и водење на политиката, а на воеността за воени подготовки и за планирање на борбените дејства, повеќестепно се зголемија. Речиси нема област од општествниот, политичкиот, економскиот и културниот живот за која разузнавачката дејност не се интересира, и тоа не само за постојните туку и за потенцијалните непријатели (надворешни и внатрешни), а истовремено и за пријателите и сојузниците. Овој факт го определува и местото на разузнавачката дејност во државниот апарат, од што пак зависи нивото и развојот на нејзината организација. Тоа условува современата разунавачка дејност да постане мошне развиена и модерна „индустрија", во која работат и по десетина илјади стручњаци од сите области на човековата дејност. Пример: Разузнавачко-безбедносниот систем на САД, кого го сочинуваат десетина разузнавачки и контраразузнавачки организации, во кои се вработени 153.250 службеници (не сметајќи ја агентурата и другите кои на било кој начин разузнавачки делуваат за потребите на овој систем). Годишниот буџет изнесува околу 6,5 милијарди долари. Само ЦИА вработува 20 илјади службеници, кои раководат со околу 200 илјади агенти ширум светот и има годишен буџет од околу милијарда долари.[1] Во некои земји овој развој достигнал размери од високо ниво, така што се заканува од битно средство за градење и водење на политиката да прерасне во творец и реализатор на државната политика, односно со своите акции да влијае врз исходот на важни политички акции и збиднувања. Така на пример, присилното „слетување на амери-

---

[1] И. Долничар, Спрега спољнег и унутрашњег непријатеља, Београд, 1976.

кански шпионски авион У-2 над територијата на Советскиот сојуз на 1 мај 1960. година влијаело на прекинувањето на разговорите меѓу САД и Советскиот сојуз во Париз (разговорите Хрушчов-Ајзенхауер).

## II. Појмовно определување

Обидувајќи се да го разјасниме суштинското значење на поимот разузнувачка дејност, ќе се послужиме со мислата на еден разузнавач, кој рекол: „Ако разузнавачката служба не е мозокот на државата, тогаш тоа е битно средство за разбирање и водење на политиката. Таа е око и уво на државата"[2]

Иако оваа дефиниција во потполност не ја објаснува суштината на современата разузнавачка дејност, од неа видливо може да се дефинираат неколку карактеристики за тој поим:

— Разузнавачката дејност е класна творба која им служи на интересите на класата која е на власт;

— Разузнавачката дејност претставува дел од државниот апарат, како што е правосудството, полицијата, царината и сл.;

— Дејноста на разузнавачката активност е насочена кон присобирање податоци потребни за „разбирање и водење на политиката" и за тоа таа се занимава со присобирање податоци не само за надворешниот непријател, туку и за сите сили кои можат да ја загрозат безбедноста на државата, односно позициите на класата која е на власт одвнатре, таа е „око и уво на државата";

— Со разузнавачката дејност се присобираат податоци и за пријателите, бидејќи на тој начин му се овозможува на државното раководство да може да планира и да реализира најцелисходен настап на надворешно-политички план.

Од политички и кривично-правен аспект разузнавачката дејност претставува израз кој означува шпионска дејност на многу кривични дела и деликти, кои заради заштитата на безбедноста на својата држава ги инкриминира законодавствата на другите држави.

## III. Форми на манифестирање на разузнавачката дејност

Основни форми на манифестирање на разузнавачката дејност се: агентурната дејност, користење на легални можности (отворени извори) и извидувачка дејност.

Агентурната дејност се применува за разузнавање на тајните на противникот што ги чува мошне строго и до кои не може да се дојде со применување на други форми. Со агентурата се раководи од разузнавачки центри, а оперативецот (професионален разузна-

---

[2] П. Остојић, Тајни непријатељ, Београд, 1931.

вач) кој е во постојана врска, е должен да ѝ обезбеди соодветни услови за работа, да обезбеди определен степен на тајност во работата, при што основно правило е да се избегне контролата на контраразузнавачките органи од земјата-објект на дејствување.

Користењето на легалните можности — отворените извори — се базира на присобирање разновидни податоци кои често, сами за себе, не претставуваат тајна. Меѓутоа, ако се организира нивното систематско следење, присобирање, средување, анализирање и употребување, не ретко може да се дојде и до најдобро чуваните тајни. Присобирањето на ваквите податоци е олеснето и од можноста што се укажува од сè поголемата меѓународна поврзаност, демократските односи во повеќе држави, релативната отвореност на границите, слободата на движењето и престојот на странците, големата емиграција на работната сила и развојот на електронските средства за анализа, обработка и систематизација на податоците. Разузнавачката дејност и нејзиното манифестирање од овој вид се појавува како организатор. Таа ги усогласува и координира активностите. За ваквата дејност обично се ангажираат граѓани од земјата-објект на нападот, како и граѓани од други земји кои во моментот престојуваат во таа земја, каде што стапуваат во контакт со граѓани и разни институции од земјата-објект на нападот. Тоа во прв ред се новинари, трговци, разни застапници и претставници, научници, туристи, лица кои се наоѓаат на школување или специјализација, членови на разни меѓународни, научни, културни, хуманистички и други организации, званични делегации, пријателски и роднински посети и др.[3]

Извидувачката дејност, покрај агентурната дејност, претставува основна форма, особено во воени услови, за присобирање на податоци за непријателот. Овој вид разузнавачка дејност се спроведува од земја, воздух, море и од вселената. Во сите случаи, освен извидувањето од вселената, може да биде визуелно и со употреба на електронски и други технички средства. За разузнавачката дејност е особено битно електронското извидување, кое со оглед на средствата што се користат, се дели на: радио, радарско и телевизиско извидување, извидување со ИЦ уреди и извидување со ласери.

Електронското извидување во мирновременска состојба се спроведува од извидувачко-техничките центри, кои се наоѓаат во пограничните реони или во земјата за која се присобираат разузнавачки податоци, кога се маскирани под формата на разни претставништва (дипломатски, трговски и др.). Освен овие центри кои се стационирани, постојат и подвижни центри за електронско извидување (бродови, воздухоплови, сателити), кои приоѓаат на објектот на извидување или го надлетуваат и на тој начин присобираат податоци.

---

[3] Разузнавачко-безбедносниот систем на СССР се потпира врз разузнавачко-субверзивната дејност спрема СФРЈ, Белград, 1982. година.

## IV. Разузнавачката дејност и загрозувањето на Република Македонија

Стратегиските цели на сите форми на загрозување на Република Македонија се определените хегемонистички или империјалистички цели и интереси да се остварат со или без оружена интервенција, односно да се извршат соодветни подготовки за директно загрозување со што би се олеснила нејзината реализација. Еден од основните предуслови за постигнување на овие цели (загрозување и остварување на претходно утврдените интереси) е присобирање на сознанија, запознавање со состојбата во Република Македонија и врз тие основи програмирање за применување на најцелисходната форма на загрозување. Значи, разузнавачката дејност во Република Македонија е претходница на секоја друга дестабилизаторска и агресивна активност. За ваквите активности пред сѐ се ангажираат таканаречените стратегиски разузнавачки служби, кои во својот делокруг имаат одделни одделенија за разузнавање во строго специјализирани области (политички, економски, научни и други разузнавачки служби).

Кога е во прашање Република Македонија, разузнавачката дејност, како прв степен на загрозување, ја спроведуваат не само наднационалните разузнавачки системи туку и разузнавачките служби на одделни нејзини соседи. Значи станува збор за континуирана активност на разузнавачките служби спрема Република Македонија преку соодветните инструкции, било тоа на служби или поединци од разузнавачките центри, дипломатско-конзуларните, воено-дипломатските и други претставништва на ЈУ просторот.

Разузнавачката дејност е прва фаза во подготовките за загрозување на Република Македонија. Во неа непријателски расположените сили преземаат опширни разузнавачки мерки, кои по нивната обработка ги испитуваат можностите за преземање натамошни акции. Тоа обично се работи во форма на разузнавачка студија на просторот и на присутните услови, а паралелно со тоа, се настојува да се воспостават нови разузнавачки канали и пунктови, зајакнувајќи ги своите позиции во одделни структури и поврзувајќи се со внатрешниот непријател.

Со оглед на тоа што потребите на современата разузнавачка дејност веќе не се задоволуваат само со применување на агентурната активност, односно со класичната шпионажа, иако оваа активност останува и натаму една од постојано присутните разузнавачки форми и содржина на активност на разузнавачката дејност, присобирањето на податоците постанува многу пошироко и посложено бидејќи и изворите се побројни и поразновидни (печатот, радиото, разните публикации итн.). За таквите и други задачи во разузнавачката дејност сѐ повеќе се користат различни технички и електронски средства (радари, гониометри, уреди за прислушкување, фото и ТВ камери, електронски пресметувачи и др.).

Објекти на разузнавачката дејност спрема Република Македонија, особено по нејзиното определување за суверена и самостојна

држава, со право да може да стапи во сојуз со другите суверени југословенски републики, а особено по определбата на граѓаните што живеат во Македонија да го донесат највисокиот државотворен акт — Уставот на Република Македонија, предизвика соодветни реакции од некои соседи кои не бирајќи средства и методи ја загрозуваат Република Македонија и нејзините граѓани преку отворени закани со воени или паравоени формации, со нарушување на воздушниот простор, нелегално внесување на оружје и друг материјал кој директно може да влијае врз безбедноста на Република Македонија, напаѓањето на демократскиот и повеќепартиски систем до изнесување (легално или нелегално) на разни комбинаторики за последиците по распаѓањето на Југославија или нејзино опстојување во некаква минимизирана форма и склучување на фактички билатерални договори кои би се активирале во услови кога ќе се оцени дека се поволни.

Евентуалната небудност на службата за безбедност на Република Македонија и отсуството на чувството на татковинство кај граѓаните на Македонија, односно занемарувањето на принципот на моралната вредност би претставувало погодно тло за натамошното политичко индоктринирање на одделни слоеви од албанската нација преку легалната културна и просветна соработка и нелегалната активност (врбување), злоупотреба на дипломатско-конзуларните претставништва, нелегалното префрлување преку граничниот простор и престој во Република Македонија на голем број „неповикани гости", маскирајќи се зад социјалната беда, неконтролираното внесување на школска и друга литература проникната со националистичка идеологија, дејствувањето на надворешната екстремна емиграција, настојувањето да се искористи „испразнетиот простор на граничниот дел со напуштање на ЈНА", неусогласениот став на поранешните југословенски републики околу статусот на Косово и демократските движења на албанските интелектуалци, претставуваат параван зад кого се кријат разузнавачките дејства за остварување на територијалните аспирации спрема македонски простори.

Во таа смисла кај некои соседи на Република Македонија се присутни и следниве комбинаторики:

— Бугарија по распаѓањето на Југославија ја гледа можноста за реализирање на своите територијални претензии и за зајакнување на нејзината улога на Балканот. Овој став е продукован од изменетите односи во Источна Европа и во нејзините меѓуполитички преструјувања;

— Албанија начелно не беше за распаѓање на Југославија. Од таквиот чин таа гледа директна опасност од повеќе страни по неа како и нарушувањето на компактноста на албанската националност во ЈУ-просторот. Ова е резултирано и од сознанието до кое дошла за својата воено-политичка и географска скромност (или немоќ) како и од нејзината не толку долга државна историја. Постои мислење дека идејата за создавање на „Голема Албанија" е можно да се оствари и по мирен пат, преку евентуално референдумско изјаснување на албанската национал-

ност за автономија на оние простори кајшто е албанската националност бројна (западниот дел на Македонија), потоа негово приклучување прво кон веќе „формираната" република Косово и на крајот приклучување кон Албанија. Не е отсутна и идејата, ако треба и по пат на сила да се оствари концепцијата на трите Призренски и на Пеќската лига — создавање на „Голема Албанија".

— Грција не само што не ја признава македонската националност во Егејскиот дел на Македонија туку користејќи ја положбата-членка на Европската заедница, се залага да го оспори постоењето на Република Македонија поставувајќи непојмливи услови: за да се признае Македонија прво треба да го промени името!

Кога се очекува Република Македонија, аналогно примерите со Словенија и Хрватска, да биде призната од 12-темина на Европската заедница таа се соочува со најнови форми на дејствување на разузнавачката дејност, која наоѓа потпора во некои националистичко обоени поединци или партии како би се оневозможило реализирањето на историската желба на македонскиот народ да живее во самостојна и суверена држава, трајно определувајќи се за сожителство со сите други народи и народности што живеат во Република Македонија.

Krste RISTESKI

## LES SERVICES DE RENSEIGNEMENTS COMME SOURCE DE MENACE POUR LA REPUBLIQUE DE MACEDOINE

(Résumé)

Dans le présent travail, l'auteur s'attarde au développement parallèle des services de renseignements avec celui de la société et son influence sur le comportement de la Direction politique et d'état sur le plan politique et militaire.

La présence des services de renseignements dans tous les domaines de la vie sociale est conditionnée, entre autre, par les communications internationales plus étroites, par les processus démocratiques dans plusieurs pays, par l'ouverture relative des frontières, par la liberté de mouvement et le séjour des étrangers, par l'immigratiion massive de la main d'oeuvre et par le développement des moyens électroniques à l'aide desquels on procède à l'analyse et à la systématisation des données. Dans ce sens, la République de Macédoine se heurte aux formes les plus récentes de l'activité des services de renseignements qui trouvent de l'appui dans des individus ou partis politiques nationalistes afin d'empêcher la rèalisation du voeu du peuple macédonien de vivre dans son propre Etat indêpendant et souverain en symbiose avec les autres peuples et nationalités qui y vivent.